Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/14, 5/16, 142/61, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19 и 14/20), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Велес бр.01-2888/1 од 12.06.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес бр.613/1 од 31.01.2020 година.

Секретарот на Општина Велес, донесе

# ОДЛУКА

***за избор на кандидат за административен службеник по пат на унапредување***

1.Со оваа Одлука **се врши избор** на извршител на работите на работно место: **Раководител на Одделение за финансиски прашања УПР 01 01 Б04 000,** на кандидатот:

- **Оливера Чанева**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и по конечноста на оваа Одлука, Секретарот на општината донесува решение за унапредување на административен службеник.

3. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата на општината и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## Образложение

Општина Велес спроведе постапка за унапредување на административен службеник во Општина Велес, за следното работно место:

- Раководител на Одделение за финансиски прашања- 1 извршител.

Интерниот оглас беше објавен на web страната на Општина Велес на ден 15.02.2021 година. Од страна на посебно формирана Комисија со Решение бр.04-655/8 од 22.02.2021 година, на ден 01.03.2021 година во 10:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведена е административна селекција. На огласот е пријавен вкупно 1(еден) кандидат, кој ги исполнува општите услови за прием на административни службеници согласно одредбите од Законот за административни службеници и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес по пат на унапредување.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција, Записникот бр.04-655/10 од 01.03.2021 година, а од страна на Секретарот на Општина Велес спроведено е интервју со пријавениот кандидат, Записникот за спроведено интервју бр.04-655/11 од 02.03.2021 година. Од страна на Комисијата за селекција изготвена е финална ранг листа со предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат и му предлага на Секретарот на општината да изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против Одлуката, има право на жалба, преку Општина Велес, до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена (8), од денот на објавувањето на одлуката на web страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Број 04-655/13
03.03.2021 година
Велес

Секретар
на Општина Велес
Елизабета Јовчевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

Доставено до:
*-Агенција за администрација*
*-Архива*
*-Кандидатот*